**20160300809**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Националната рамка на квалификации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2016 година.

Бр.08-1028/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија” број 137/13), во членот 2 точка 6 по зборот „Знаење“ се додаваат зборовите: „и разбирање“.

Член 2

Во членот 16 став (1) зборовите: „се формира“ се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Македонија формира“.

Во ставот (3) зборот „десет“ се заменува со бројот „11“.

Во ставот (5) по алинеја 7 се додава нова алинеја 8, која гласи: „-
преставник од здруженија на работодавачи“.

Член 3

Во членот 20 став (5) зборовите: „и во електронска“ се заменуваат со зборовите: „согласно Законот за општата управна постапка“.

Член 4

Одредбата од членот 3 од овој закон ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.